# З А П И С Н И К

## од Првата-Конститутивна седница на Советот на Општина Валандово

## одржана на ден 05.11.2025 година

Седницата се одржа во салата за седници на Општина Валандово со почеток 18,00 часот.

На седницата беа присутни сите 15 новоизбрани членови на Советот.

На седницата исто така присуствуваше и новоизбраниот градоначалник на Општина Валандово Ѓоко Камчев. Седницата беше свикана и до верификацијата на мандатите на новоизбраните членови на Советот, Седницата беше водена од страна на Претседателот на Советот на Општина Валандово од претходниот состав Владимир Марков.Тој ја отвори седницата, им го честита мандатот на новоизбраните советници и градоначалник и го повика највозрасниот член на Советот г-дин Бранко Ѓеорѓиев да продолжи со водење на седницата.

На седницата се работеше според следниот

### Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Верификација на мандатите на членовите на Советот;

2. Избирање на Претседател на Советот на општина Валандово;

3. Избирање на Комисија за мандатни прашања, избори и именувања;

4. Донесување на Одлука за определување на членови на Советот на Општина Валандово за учество во склучувањето на бракови на подрачјето на Општина Валандово.

5.Формирање на Комисија за спомен одбележување, давање на имиња, награди.

### ТОЧКА 1

Верификација на мандатите на членовите на Советот.

Заради верификација на мандатите на новоизбраните членови на Советот, беше формира на Верификациона комисија. Предлози на претседавачот беа членовите: Момчило Павлов, Ерсан Фетиков и Мартин

Мишков. За претседател на Комисијата беше предложен Момчило Павлов.

Беше дадена пауза заради разгледување на потребната документација и изготвување на извештај од страна на Комисијата за верификација на мандатите.

По паузата Претседателот на Верификационата комисија, Момчило Павлов поднесе извештај со кој Комисијата по извршениот увид во уверенијата и останатата изборна документација има констатирано дека секој избор е правилен и дека не го

оспорува мандатот на ниту еден член на Советот, па на Советот му предложи да го верифицира мандатот на присутните 15 новоизбрани членови на Советот.

Извештајот на Верификационата комисија, без расправа, едногласно беше усвоен од страна на Советот при што на новоизбраните членови на Советот им беше верифициран мандатот и тоа на: Марија Чурлинова, Надица Недиќ, Момчило Павлов, Крсте Тодоров,Мартин Мишков ,Тања Атанасова,Дан;е Ѓорѓиева,Бранко Ѓорѓиев, Ивана Танчева,Перо Наков, Ерсан Фетиков,Донатела Пејовска, Верица Зајкова Стојанова,Томче Наков, Денис Караелмазов.

По верификацијата на мандатот од страна на присутните новоизбрани членови на Советот беше дадена и потпишана Свечена изјава.

Новоизбраниот градоначалник се обрати и им честиташе на новите советници.

Со тоа верификациониот дел на Првата седница беше завршен.

Беше дадена пауза.

По паузата се продолжи со работа по дневниот ред.

Со понатамошниот тек на седницата, до изборот на претседател на Советот, претседаваше највозрасниот член на Советот, Бранко Ѓорѓиев.

ТОЧКА 2

Избор на претседател на Советот на Општина Валандово.

По најавената можност да се дадат предлози, Момчило Павлов како кандидат за претседател на Советот на Општина Валандово ја предложи Марија Чурлинова.

Бранко Ѓорѓиев рече дека нивната советничката група на СДСМ ќе гласа воздржано.

Бидејќи други предлози немаше, Советот по спроведеното гласање со 8 гласови ЗА и 7 ВОЗДРЖАНИ ја избра Марија Чурлинова за претседател на Советот на Општина Валандово.

По изборот новоизбраниот претседател превземајќи го понатамошното претседавање со седницата, најпрво имаше пригодно обраќање по повод нејзиниот избор.

ТОЧКА 3

Избор на Комисија за мандатни прашања, избори и именувања.

По најавата на точката, претседателот на Советот укажа дека Комисијата брои 5 члена, па даде можност за предлагање на кандидати.

Момчило Павлов даде предлог за членови на Комисијата од владејачката партија а бидат: Мартин Мишков, Данче Ѓорѓиева, Перо Наков, а од опозицијата беа предложени: Надица Недиќ и Верица Зајкова Стојанова.

Предлозите беа ставени на гласање и едногласно со 15 гласа ЗА истите беа усвоени.

Со тоа беа избрани сите пет членови на Комисија за мандатни прашања, избори и именувања, па се пристапи кон предлагање на кандидат за претседател на комисијата.

Момчило Павлов го предложи Мартин Мишков за претседател на Комисијата.

Бидејќи други предлози немаше, Советот по спроведеното гласање со 15 гласови ЗА и за претседател на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања го избра Мартин Мишков.

ТОЧКА 4

Определување на членови на Советот на Општина Валандово кои ќе учествуваат во склучувањето на бракови на подрачјето на општината.

Градоначалникот во својот вовед кон точката, даде предлог, Советот да ги определи сите членови да може да учествуваат во постапката при склучувањето на бракови на подрачјето на Општина Валандово. Појаснувајќи го дадениот предлог, рече дека ангажирањето на членовите на Советот би било според местото на нивното живеење и подрачјето кое го покрива Месната канцеларија, како и според желбата на младоженците. Притоа предложи доколку членот на Советот, кој според распоредот треба да учествува во склучувањето на брак, од било која причина е спречен да учествува во постапката, истиот да е должен да си обезбеди соодветна замена од останатите членови на Советот. Речеод досегашното искуство како советник може да каже дека товарот за склучување на бракови паѓа на неколку советници и затоа апелира да се почитува истиот и доколку некој советник кога е по распоред е спречен должен е да си најде замена и наредниот пат тој да биде пак повикан.

Никој не се јави со други предлози, Советот по спроведеното гласање, едногласно ја усвои Одлуката за определување на членови на Советот на Општина Валандово кои ќе учествуваат во склучувањето на бракови на подрачјето на општината, онака како што беше предложено.

ТОЧКА 4

Определување на членови на Советот на Општина Валандово на Комисија за споменодбележување, давање имиња , награди и признанија.

Претседателот предложи да се избере и Комисија за споменодбележување, давање имиња , награди и признанија.

Од страна на претседателот на Комисијата за мандатни прашања беше даден Предлог за членови на Комисијата да бидат Момчило Павлов, Донатела Пејовска, Ивана Танчева.Бранко Ѓорѓиев и Тања Атанасова. За претседател на Комисијата беше предложен Момчило Павлов

Немаше други предложени и предлогот беше ставен на гласање и беше изгласан со 8 гласа ЗА, 7 ВОЗДРЖАНИ.

Со тоа дневниот ред за работа, на Првата седница на новоизбраниот Советот на Општина Валандово, беше исцрпен и седницата беше заклучена.

СОВЕТ НА ОПШТИНА ВАЛАНДОВО

Записничар: Претседател на Советот од претходниот состав

С.Х.Јовановиќ Владимир Марков

Најстариот член на Советот

Бранко Ѓорѓиев

П р е т с е д а т е л
Марија Чурлинова